Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/25 и 135/25) и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 40/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јуни 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа од ветерна електроцентрала ВЕЦ “ДРЕН 2” издадена на Друштвото за трговија и услуги КАЛТУН ЕНЕРЖИ ДОО Скопје со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 256/24 и 169/25).

2. Во Прилогот, во точка 3 зборовите “10 јуни 2026 година” се заменуваат со зборовите “10 март 2027 година”.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија и услуги КАЛТУН ЕНЕРЖИ ДОО Скопје, со седиште на ул. Булевар Маркс и Енгелс бр.1-5/2 Скопје-Центар (во понатамошниот текст: Друштво), на 1 јуни 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од ветерна електроцентрала ВЕЦ “ДРЕН 2”, УП1 бр.12-144/26 од 1 јуни 2026 година (во понатамошниот текст: Барање).

Регулаторна комисија за енергетика, на Барање на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на лиценца за пробна работа (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 256/24 и 169/25).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во Прилог 1, Образец БЛ 21 од Правилникот за лиценци. Друштвото го комплетираше барањето на 4 јуни 2026 година.

Друштвото има доставено Надзорен извештај бр. 0701-309/8 од 30 април 2026 година изработен од Друштво за производство, услуги и трговија ПО^2ИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Струга со електронски потпис од надзорен инженеер за фаза електрика Петар Илиев, во кој е наведено дека во дел од

турбините од страна на производителот Goldwind пријавени се дефекти во делот пропратната опрема, а со оглед дека истата е под гаранција направени се дополнителни нарачки за отклонување и трајно решавање на проблемот. Исто така во командната зграда појавени се проблеми со топење кај батериите за системот за непрекинато напојување, поради што предвидено е прераспределба на каблите и батериите во контролната соба

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-895/2 од 8 јуни 2026 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 8 јуни 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на од ветерната електроцентрала ВЕЦ "ДРЕН 2" издадена Друштвото за трговија и услуги КАЛТУН ЕНЕРЖИ ДОО Скопје за период од девет месеци.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-144/26**
**8 јуни 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**